Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа



ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

# СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

# ШТО Е СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

Семејното насилство може да се јави како малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.

Семејното насилство може да се јави во следниве форми и облици:

- ✔ домашно, физичко, психолошко или економско насилство
- ✔ силување или сексуален напад во брак, надвор од брак
- ✔ сексуална злоупотреба во детство
- ✔ злосторства во име на „честа"
- ✔ присилен брак, малолетнички бракови
- ✔ сексуално вознемирување
- ✔ трговија со луѓе и сексуална експлоатација
- ✔ демнеење
- ✔ вознемирување или насилство на работно место или јавен простор
- ✔ сајбер насилство или вознемирување

## КОЈ МОЖЕ ДА БИДЕ СТОРИТЕЛ И ЖРТВА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

Насилството кое се случува кон:

- ✔ Брачниот другар,
- ✔ Родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,
- ✔ Сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи.

Се смета за семејно насилство, без оглед на тоа дали жртвата и сторителот го делат истото живеалиште во моментот на настанување на насилството.





## КАДЕ ДА СЕ ОБРАТАМ АКО СУМ ЖРТВА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

**А.** во центрите за социјална работа на Министерството за труд и социјална политика на територија на цела држава.

Листата на Центрите за социјални работи со контакти од овластени лица е дадена на следниот линк:

**www.mtsp.gov.mk/institucii.nspx**

Центарот за социјална работа ги презема следниве мерки за заштита на жртвите: сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство; соодветна здравствена заштита; соодветна психо - социјална интервенција и третман; психо - социјален третман во советувалиште; помош на семејството за редовно школување на дете; правна помош и застапување, и економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

**Б.** здруженија, кои се регистрирани за давање услуги за социјална заштита.

Листата на здруженија регистрирани за давање на услуги за социјална заштита е достапна на:

**www.mtsp.gov.mk/registri.nspx**

**В.** Национална бесплатна мобилна СОС линија за жртви на семејно насилство

**070/ 141 700**

**075/ 141 700**

**077/ 141 700**



Г. директно во најблиската полициска станица или на телефонскиот број:

192

Д. Во најблиската од 34-те подрачни одделенија на Министерството за правда, за добивање на бесплатна правна помош.

Ѓ. Кај здруженијата овластени за обезбедување на бесплатна правна помош.

Е. Единиците на локалната самоуправа (општини) кои неминовно треба да ве упатат каде да се обратите доколку ја немате претходната информација за истото

Ж. Здравствените установи – кои се должни веднаш да извршат преглед и друг медицински третман на жртвата и за истото да и издадат соодветна медицинска документација за констатираната повреда

# КАКВИ ВИДОВИ НА ЗАШТИТА МИ СЛЕДУВААТ КАКО ЖРТВА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО?

А. Привремени мерки за заштита во граѓанска постапка

Заради запирање на насилството, отстранување на последиците од извршеното насилство и преземање на ефикасни мерки кон сторителот на насилството, на сторителот на семејно насилство можат да му се изречат привремени мерки за заштита:

- ✔ Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство
- ✔ Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно
- ✔ Забрана да се приближува на растојание помало од 100 метри до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството
- ✔ Отстранување од домот без оглед на сопственоста
- ✔ Забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено

- ✔ Задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството
- ✔ Задолжително законско издржување на семејството
- ✔ Задолжително да посетува соодветно советувалиште
- ✔ Задолжително лекување на сторителот доколку злоупотребува алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување
- ✔ Задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство

Привремените мерки за заштита се бараат со поднесување предлог до надлежниот суд непосредно или преку центарот за социјална работа, додека центарот за социјална работа може директно да поднесе предлог со согласност на жртвата. Предлог за изрекување на привремена мерка може да се поднесе без оглед дали се води кривична постапка.

## Б. Кривично правна заштита - кривична постапка

Семејното насилство е кривично дело. За сторителите на насилство се предвидени затворски казни. Кривичните постапки се иницираат од страна на полицијата по службена должност без да се бара ваша согласност, освен за кривичното дело телесна повреда, за кое е потребна ваша писмена согласност. Потребно е да го пријавите насилството во најблиската полициска станица или да се јавите на телефон. Побарајте да разговарате со полициски службеник кој што работи на случаи на семејно насилство. Откако ќе дадете изјава, полициските службеници ќе соберат и други докази и заедно со кривичната пријава ќе ги достават до надлежното јавно обвинителство (ОЈО), кое пак, ќе ги проследи до надлежниот суд. Доколку вашиот живот или животот на вашите блиски е во сериозна опасност, судот е должен да нареди итно отстранување на насилникот од домот и да му издаде наредба за забрана за приближување до вас. Истовремено, го известува и надлежниот центар за социјална работа за да преземе мерки за ваша заштита. Полициските службеници треба да ве информираат за мерките што ќе бидат преземени против сторителот на насилство.

Доколку полициските службеници не поднесат кривична пријава до надлежното јавно обвинителство, вие самите можете да поднесете предлог до ОЈО или приватна тужба до основниот суд, во рок од три месеци од денот на насилството. Ако ви е страв да сведочите пред судот во присуство на насилникот, побарајте од судијата да сведочите без негово присуство.

Судот потоа носи пресуда со која го осудува насилникот или го одбива обвинението, или пак, го ослободува од обвинението. Видот на казната може да биде: казна затвор, алтернативна мерка (условна казна, судска опомена и др.) или парична казна. Доколку не сте задоволни од пресудата, имате право на жалба до Апелациониот суд во рок од 15 дена од добивањето на примерок од пресудата.

# ЈАС НЕ СУМ ЖРТВА, НО ЗНАМ НЕКОЈ ШТО ТРПИ СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО. КАДЕ ДА СЕ ОБРАТАМ И ШТО ДА НАПРАВАМ?



Секое лице кое знае, или има основ да се сомнева дека во неговото семејство, соседство или друга непосредна близина се случува семејно насилство, има обврска таквото нешто да го пријави во полиција.

Доколку се сомневате, но ви треба поддршка и повеќе информации за препознавање на насилството или помош на жртвата, ве молиме обратете се во некоја од институициите наведени во точка 3.

# КАДЕ МОЖАМ ДА СЕ ОБРАТАМ ЗА ДА ДОБИЈАМ БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ?

- ✔ Здруженија и правни клиники кои се овластени за давање на бесплатна правна помош
- ✔ Адвокати со стекнати овластувања за давање на секундарна правна помош
- ✔ Во подрачните одделенија на Министерството за правда:

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Берово | 071 205 324 |
| Битола | 071 223 392 |
| Македонски Брод | 071 223 075; 078 640 786 |
| Виница | 071 213 964 |
| Валандово | 071 213 925 |
| Гевгелија | 071 224 678; 071 216 267 |
| Гостивар | 071 223 180 |
| Дебар | 071 223 768 |
| Делчево | 071 283 948 |
| Демир Хисар | 075 766 695 |
| Кавадарци | 075 659 855 |
| Кичево | 071 224 652 |
| Кочани | 071 221 580 |
| Кратово | |
| Крива Паланка | 071 224 580 |
| Крушево | 071 227 808 |
| Куманово | 071 227 962 |

| Подрачни одделенија | Телефони |
|---|---|
| Неготино | 071 223 191 |
| Охрид | 071 221 908 |
| Прилеп | 076 232 886 |
| Пробиштип | 078 330 434 |
| Радовиш | 070 261 310 |
| Ресен | 071 221 246 |
| Свети Николе | 071 227 862 |
| Струга | 071 223 015 |
| Струмица | 071 224 526 |
| Тетово | 071 227 893 |
| Велес | |
| Штип | 071 221 484; 070 821 089 |
| Карпош | 071221381 |
| Центар | 078 442 006 |
| Кисела Вода | 071 224 104 |
| Гази Баба | 071 213 798 |
| Чаир | |

ИНФОРМИРАЈ СЕ
ЗА БЕСПЛАТНА
ПРАВНА ПОМОШ

www.pravnapomos.mk

Фотографии: freepik.com – © Сите права се задржани 2021

Овој документ е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија и Советот на Европа.
Тука споделените гледишта не треба да се смета дека се официјално мислење на ниту една од двете страни.

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа

ЕУ со ТЕБЕ

Република Северна Македонија
Министерство за правда